

**ИНФОРМАТИКА – 6 одд.**

***тема*:**

**Програма за мултимедијални презентации**



**(03.05.2020-08.05.2020)**

## Вежби

**(изработка на мултимедијални презентации)**

**ЦЕЛИ:** Ученикот да се оспособи за самостојно изготвување (креирање) на мултимедијални презентации;

### Ајде да повториме!

***Прашања:***

**1.** Што е презентација?
**2.** Што е мултимедија?
**3.** Кои се основните елементи на мултимедијална презентација?
**4.** Што е слајд?
**5.** Со кое копче од тастатурата се активира презентација?
**6.** Колку видови на ефекти постојат и кои се тие?
**7.** На што се однесуваат транзициските ефекти?
**8.** На што се однесуваат анимациските ефекти?
**9.** Кон што може да не води хиперврска поставена во презентација и како се поставува?
**10.** Која е наставката на документот изработен во Power Point?

**ЗА ДОМА:** Прашањата од **1-10** напишете ги во **word документ**, а после секое прашање напишете го **одговорот**. На крајот од документот напишете го **вашето име – презиме и одделение**.
Word документот испратете го на мејлот на наставникот најдоцна до 14.54.2020 год.

(*пишувај со* ***кирилична подршка****, големина на фонт* ***12****,* ***прашањата*** *нека бидат со* ***една боја****, а* ***одговорите*** *со* ***друга боја***)

**ЗА ДОМА:** **<u>ПРАКТИЧНА ЗАДАЧА</u>** **(креирање презентација)**

Учениците со непарен број во училишниот дневник (1, 3, . . .) да креираат презентација на тема „Екологија“;

Учениците со парен број во училишниот дневник (2, 4, . . .) да креираат презентација на тема „Рециклирање“;

**Креирај презентација од 5 слајда на тема ЕКОЛОГИЈА или РЕЦИКЛИРАЊЕ**

## ЕКОЛОГИЈА

| | |
|---|---|
| **Прв слајд:** | ✓ Напиши го името на темата **Е К О Л О Г И Ј А** и постави анимациски ефект на истото<br>✓ Постави слика (поврзана со темата) и постави анимациски ефект на неа<br>✓ Напиши го своето име и презиме и одд. + анимациски ефект<br>✓ Постави транзициски ефект на слајдот. |
| **Втор слајд:** | ✓ Напиши краток текст (што е екологија, што значи зборот екологија, кој датум е земен за Ден на екологијата…) – *текстот за екологијата што го пишувате може да биде и ваш избор т.е. ваша замисла*!<br>✓ Слајдот украси го со додавање на графички објекти.<br>✓ Постави транзициски ефект на слајдот. |
| **Трет слајд:** | ✓ Напиши краток текст (Дали е важна екологијата, и ако е, зошто е важна екологијата за животинскиот и растителниот свет, а воопшто и за животот на човекот, кои се придобивките од неа, интересни факти…..)<br>✓ Слајдот украси го со додавање на готови графички објекти.<br>✓ Постави транзициски ефект на слајдот. |
| **Четврт слајд:** | ✓ Напиши барем три ЕКО ПОРАКИ и 2 еко-слики (разместени насекаде низ слајдот – *користи Insert>Text Box*)<br>✓ Постави анимациски ефекти на пораките<br>✓ Постави транзициски ефект на слајдот. |
| **Пет слајд:** | ✓ Во 5-тиот слад напишете на средината на слајдот напишете текст „Ви благодарам на вниманието!“, а под него со помали букви „Дали сакате повторно да ја гледате презентацијата?“ и врз истиот текст поставете хипер врска – ако кликнеме врз тој текст презентацијата повторно да започне од првиот слајд. |
| | |
| | ✓ **Постави дизајн на сите слајдовите по твој избор.** |

**Потсетување – „**Како да поставам хиперлинк?“

Постапка за поставување на хиперлинк:

1. селектирај објект врз кој поставуваш линк во нашиот случај тоа е текстот




2. клик на Insert > клик на Hyperlink
3. клик на 

> клик на 

(првиот слајд) и OK.

## РЕЦИКЛИРАЊЕ

| | |
|---|---|
| **Прв слајд:** | ✓ Напиши го името на темата **Р Е Ц И К Л И Р А Њ Е** и постави анимациски ефект на истото<br>✓ Постави слика (поврзана со темата) и постави анимациски ефект на неа<br>✓ Напиши го своето име и презиме и одд. + анимациски ефект<br>✓ Постави транзициски ефект на слајдот. |
| **Втор слајд:** | ✓ Напиши краток текст (што е рециклирање, од кој период датира рециклирањето, што се може да се рециклира, знак (симбол) за рециклирање…) – *текстот за рециклирање што го пишувате може да биде и ваш избор т.е. ваша замисла*!<br>✓ Слајдот украси го со додавање на графички објекти.<br>✓ Постави транзициски ефект на слајдот. |
| **Трет слајд:** | ✓ Напиши краток текст (Дали е важно рециклирањето, и ако е, зошто е важно рециклирањето за животинскиот и растителниот свет, а воопшто и за животот на човекот, кои се придобивките од него, интересни факти …..)<br>✓ Слајдот украси го со додавање на готови графички објекти.<br>✓ Постави транзициски ефект на слајдот. |
| **Четврт слајд:** | ✓ Напиши барем три ПОРАКИ за РЕЦИКЛИРАЊЕ и 2 еко-слики поврзани со рециклирање (разместени насекаде низ слајдот – *користи Insert>Text Box*)<br>✓ Постави анимациски ефекти на пораките<br>✓ Постави транзициски ефект на слајдот. |
| **Пет слајд:** | ✓ Во 5-тиот слад напишете на средината на слајдот напишете текст „Ви благодарам на вниманието!“, а под него со помали букви „Дали сакате повторно да ја гледате презентацијата?“ и врз истиот текст поставете хипер врска – ако кликнеме врз тој текст презентацијата повторно да започне од првиот слајд. |
| | |
| | ✓ **Постави дизајн на сите слајдовите по твој избор.** |

Презентацијата испратете ја на мејлот на вашето одделение

најдоцна до **15.05.2020** год.